Сектор за меѓународна трговска соработка
Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

# УПАТСТВО

## ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Министерството за економија врз основа на член 49 став 1 и став 7 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/2019, 27/2020 и 56/2021) и Правилникот за формата и содржината на барањето за запишување во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи, потребните докази и документација и поблиските услови за производство на производи од тутун и сродни производи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/2020) донесува Решението за упис во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи.

## 1. Постапка за издавање на решението за упис во регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи.

1.1. Правното лице е должно да поднесе барање во архивата на Министерството за економија за упис во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи.

Со барањето се приложуваат следните документи наведени во членот 3 на Правилникот за формата и содржината на барањето за запишување во регистерот на производители на производи од тутун и сродни производи, и тоа:

1) Барање за упис во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи, со име и презиме, потпис и печат на управителот, лице за контакт и телефонски број **(Прилог 1)**;
2) Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија, со приоритетна дејност производство на тутунски производи;
3) М1/М2 образец за вработено најмалку две лица со високо образование во производството и надзорот над квалитет и две лица со средно образование, или склучен договор за производство на производи од тутун со друго правно лице кое е регистрирано во регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи;
4) Диплома за завршено високо образование (земјоделски инжинер) и диплома за завршено високо образование (инженер технолог);
5) Решение по одобрен елаборат за заштита на животната средина за дејност/активност за производство на тутунски производи согласно со прописите од областа на животната средина.
6) Оригинална уплатница (образец ПП 50) за административна такса во износ од 250.00 денари; **(Прилог 2)**
7) Оригинална уплатница (образец ПП 50) за административна такса во износ од 50,00 денари; **(Прилог 3)**
8) Оригинален примерок или заверен од нотар примерок на Договор за лиценцно производство пријавен во Државен завод за индустриска сопственост

### 1.2. Услови што треба да ги исполнува правното лице освен оние дадени во точка 1.1 за упис во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи

Правното лице за производство на производи од тутун и сродни производи е должно да ги исполни следните услови:


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

1) да користи или располага со инсталирана опрема која му овозможува да ги изработи сите фази на производството од подготовка и режење на тутунот до изработка и хигиенско пакување на производот или најмалку да поседува опрема за изработка и пакување на производот од тутун и сродниот производ;
2) да користи или располага со сопствена лабораторија или има склучен договор со домашна лабораторија за анализа и контрола на квалитетот на производите од тутун и сродните производи;
3) да користи или располага со соодветен простор за сместување на тутун, производи од тутун и сродни производи.

1.3. Министерството за економија е должно во рок од 3 дена по приемот на барањето и пропратната документација да ги достави до Државниот пазарен инспекторат за да изврши увид во просториите на правното лице дека се исполнети условите за упис во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи.

Државниот пазарен инспеторат е должен во рок од 15 дена од приемот на барањето и пропратните документи од Министерството за економија, да изврши увид и да достави Записник во печатена форма, печат и потпис од овластениот инспектор кој извршил увид.

Врз основа на наодите во Записникот од Државниот пазарен инспекторат, Министерството за економија донесува решение за упис во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи или решение за одбивање на барањето за упис, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

## 2. Прием на барањето за упис во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи

Правното лице го поднесува барањето заедно со пропратните документи во архивата на Министерството за економија, со седиште: ул. Јуриј Гагарин бр.15, Скопје или по пошта во затворен плик, назначено за Министерството за економија-Сектор за меѓународна трговска соработка.

Прием на странки во архивата е секој работен ден од 8.30 часот наутро до 16.00 часот на пладне.

Барањето ќе биде заведено во архивата на Министерството за економија, со датум на прием.

Администратор во Министерството за економија задолжен за спроведување на обврските од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи е следното лице:

- Сашо Трајковски, телефон за контакт: 3093 464
- е-адреса: saso.trajkovski@economy.gov.mk

**ПРИЛОГ 1**
Образец

__________________________
Архивски број и датум

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
-Сектор за меѓународна трговска соработка

Б А Р А Њ Е
ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Од____________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

(Назив и седиште на субјектот)

Бараме да ни се изврши упис во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи: ____________________________________________

Означи го видот на производот со ☒

- ☐ Цигари
- ☐ Цигарилоси
- ☐ Пури
- ☐ Тутун за луле
- ☐ Тутун за самостојно виткање цигари
- ☐ Тутун за водено луле (наргиле)
- ☐ Тутун за шмркање
- ☐ Тутун за џвакање
- ☐ Несогорлив тутун
- ☐ Течност за е-цигара
- ☐ Растителни (билни) производи за пушење

Во прилог се доставуваат следниве докази и документи:
-Тековна состојба од Централниот регистар, со приоритетна дејност производство на тутунски производи;
-Записник од Државниот пазарен инспекторат за исполнетост на условите од член 49 став 2 алинеи 1, 2 и 3 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*);
-М1/М2 образец за вработени најмалку две лица со високо образование во производството и надзорот над квалитетот и две лица со средно образование, или склучен Договор за производство на производи од тутун со друго правно лице кое е регистрирано во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи;
-Диплома за завршено високо образование (земјоделски инженер) и Диплома за завршено високо образование (инженер технолог);
-Решение по одобрен елаборат за заштита на животната средина за дејност/активност за производство на тутунски производи согласно прописите од областа на животната средина;
-Оригинална уплатница за платена административна такса во износ од 250 денари и


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин “ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

-Оригинална уплатница за платена административна такса во износ од 50 денари.

Телефон и лице за контакт

______________________________

Одговорно лице

________________________

(име и презиме)

Прилог 2


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

Сектор за меѓународна трговска соработка
Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

Датум на валутата — НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

| Налогодавач | Примач |
|---|---|
| Назив на налогодвачаот: | Назив на налогопримачот: Министерство за финансии |
| Банка на налогодавачот: | Банка на примач: Народна Банка на Република Северна Македонија |
| Трансакциска сметка на налогодавачот: | Трансакциска сметка на налогопримачот: 100000000063095 |
| Даночен/матичен број или ЕМБС: | Износ: 250,00 МКД |
| Повикување на број (задолжување): | Уплатна сметка: 840 xxx 03161 |
| Цел на дознаката: Уплата за упис во Регистерот на производители на производи од тутун и сродни производи | Сметка на буџетски корисник: |
| Потпис: | Приходна шифра и програма: 722313 00; Начин: 1 |
| Налог ПП50 | Датум на валута: ; Место: |

Прилог 3

Датум на валутата — НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

| Налогодавач | Примач |
|---|---|
| Назив на налогодвачаот: | Назив на налогопримачот: Министерство за финансии |



Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Јуриј Гагарин “ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

Сектор за меѓународна трговска соработка
Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

| | |
|---|---|
| Банка на налогодавачот: | Банка на прима: Народна Банка на Република Северна Македонија |
| Трансакциска сметка на налогодавачот: | Трансакциска сметка на налогопримачот: 100000000063095 |
| Даночен/матичен број или ЕМБС: | Износ: 50,00 МКД |
| Повикување на број (задолжување): | Уплатна сметка: 840 xxx 03161 |
| Цел на дознаката: Административна такса | Сметка на буџетски корисник: |
| Потпис: | Приходна шифра и програма: 722313 00 — Начин: 1 |
| Налог ПП50 | Датум на валута: — Место: |



Министерство за економија на
Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së
Maqedonisë së Veriut

Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073